| | | | 07.05.2025 | 1 | 3-1 |
| | | | | | |
| Љупка Михаилова | | | **Математика** | | |
| **дополнителна** | бр.часови | 1 | **додатна** | бр.часови | |
| дата на одржани часови | | клас | дата на одржани часови | | клас |
| 05.11.2024 | 1 | 3-6 | | | |
| | | | | | |
| Радица Јованова | | | **Алгебра** | | |
| **дополнителна** | бр.часови | 1 | **додатна** | бр.часови | 1 |
| дата на одржани часови | | клас | дата на одржани часови | | клас |
| 11.11.2024 | 1 | 3-2 | 06.11.2024 | 1 | 3-1, 3-2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| Габриела Андова | | | **Физика** | | |
| **дополнителна** | бр.часови | | **додатна** | бр.часови | 14 |
| дата на одржани часови | | клас | дата на одржани часови | | клас |
| | | | 18.02.2025 | 2 | 3-1 |
| | | | 22.02.2025 | 2 | 3-1 |
| | | | 18.03.2025 | 2 | 3-1 |
| | | | 25.03.2025 | 2 | 3-1 |
| | | | 02.04.2025 | 2 | 3-1 |
| | | | 04.04.2025 | 2 | 3-1 |
| | | | 16.04.2025 | 2 | 3-1 |
| | | | | | |
| Виолетка Ѓеорѓиева | | | **Хемија** | | |
| **дополнителна** | бр.часови | 1 | **додатна** | бр.часови | 6 |
| дата на одржани часови | | клас | дата на одржани часови | | клас |
| 27.05.2025 | 1 | 3-6 | 28.01.2025 | 2 | 3-1 |
| | | | 18.02.2025 | 2 | 3-1 |
| | | | 20.02.2025 | 2 | 3-1 |
| | | | | | |
| Кети Д.Трајчева | | | **Биологија** | | |
| **дополнителна** | бр.часови | | **додатна** | бр.часови | 9 |
| дата на одржани часови | | клас | дата на одржани часови | | клас |
| | | | 04.11.2024 | 1 | 3-1 |
| | | | 25.11.2024 | 1 | 3-1 |
| | | | 20.01.2025 | 2 | 3-1 |
| | | | 10.03.2025 | 2 | 3-1 |
| | | | 22.04.2025 | 1 | 3-1 |
| | | | 05.05.2025 | 2 | 3-1 |
| | | | | | |
| IV година | | 6 | | | 28 |
| наставник | | | наставник | | |
| Ефче Н.Арсова | | | **Математика** | | |
| **дополнителна** | бр.часови | 4 | **додатна** | бр.часови | 14 |
| дата на одржани часови | | клас | дата на одржани часови | | клас |
| 20.11.2024 | 1 | 4-4,4-5,4-7 | 17.09.2024 | 1 | 4-1 |
| 12.12.2024 | 1 | 4-3 | 18.10.2024 | 1 | 4-1 |
| 18.12.2024 | 2 | 4-4,4-5,4-7 | 13.11.2024 | 1 | 4-1 |
| | | | 13.12.2024 | 1 | 4-1 |
| | | | 22.01.2025 | 1 | 4-1 |
| | | | 13.02.2025 | 1 | 4-1 |
| | | | 14.02.2025 | 2 | 4-1 |
| | | | 05.03.2025 | 1 | 4-1 |
| | | | 06.03.2025 | 2 | 4-1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 25.03.2025 | 1 | 4-1 |
| | | | 26.03.2025 | 2 | 4-1 |
| | | | | | |
| Радица Јованова | | | **Математичка анализа** | | |
| **дополнителна** | бр.часови | 2 | **додатна** | бр.часови | 2 |
| дата на одржани часови | | клас | дата на одржани часови | | клас |
| 23.12.2024 | 1 | 4-1,4-2 | 12.03.2025 | 1 | 4-1,4-2 |
| 14.04.2025 | 1 | 4-1,4-2 | 23.04.2025 | 1 | 4-1,4-2 |
| | | | | | |
| Јулија Андова | | | **Програмски јазик** | | |
| **дополнителна** | бр.часови | | **додатна** | бр.часови | 12 |
| дата на одржани часови | | клас | дата на одржани часови | | клас |
| | | | 21.11.2024 | 1 | 4-2 |
| | | | 28.11.2024 | 1 | 4-2 |
| | | | 05.12.2024 | 1 | 4-1, 4-2 |
| | | | 12.12.2024 | 1 | 4-2 |
| | | | 28.02.2025 | 1 | 4-1 |
| | | | 07.03.2025 | 1 | 4-1 |
| | | | 22.05.2025 | 2 | 4-1 |
| | | | 29.05.2025 | 2 | 4-1 |
| | | | 03.06.2025 | 2 | 4-1 |
| | | | | | |

| | **дополнителна настава** | **додатна настава** |
|---|---|---|
| I година | **26** | **40** |
| Македонски јазик и литература | 6 | 8 |
| Математика | 5 | 9 |
| Биологија | 4 | 3 |
| Хемија | 5 | 4 |
| Информатика | 6 | 11 |
| Германски јазик | | 5 |
| | | |
| II година | **7** | **42** |
| Македонски јазик и литература | 1 | |
| Германски јазик | 6 | |

| | | |
|---|---|---|
| Англиски јазик | | 30 |
| Биологија | | 12 |
| | | |
| III година | **11** | **52** |
| Македонски јазик и литература | 7 | 16 |
| Математика | 1 | |
| Англиски јазик | 1 | 6 |
| Хемија | 1 | 6 |
| Алгебра | 1 | 1 |
| Физика | | 14 |
| Биологија | | 9 |
| | | |
| IV година | **6** | **28** |
| Математика | 4 | 14 |
| Математичка анализа | 2 | 2 |
| Програмски јазици | | 12 |
| | | |
| **Вкупно** | **50** | **162** |
| Македонски јазик и литература | 14 | 24 |
| Математика | 10 | 23 |
| Англиски јазик | 1 | 36 |
| Германски јазик | 6 | 5 |
| Биологија | 4 | 24 |
| Хемија | 6 | 10 |
| Информатика | 6 | 11 |
| Алгебра | 1 | 1 |
| Математичка анализа | 2 | 2 |
| Физика | | 14 |
| Програмски јазици | | 12 |

## *5. Соработка со Локалната самоуправа и институции во окружувањето*

Гимназијата „Славчо Стојменски”, во учебната 2024/2025 година оствари соработка со поголем број на институции од нашата општина во различни области.

- **Соработка со родителите**

Еден од главните сегменти во подобрувањето на квалитетот на наставата и афирмирањето на работата на училиштето е соработката со родителите и реализирањето на програмата на современи и поефикасни форми за вклучување на родителите во животот на училиштето и афирмација на функцијата на родителскиот совет како еден од важните сегменти и движечки фактор во воспитно-образовниот процес.

- **Соработка со Локалната самоуправа**

Посебно се работеше на полето за проширување, збогатување и продлабочување на соработката со Локалната самоуправа и Советот на Општина Штип, искористувајќи ги сите можности кои што ги нудат во смисла на остварување на најразлични проекти, активности, предавања, дебати, трибини и др. Соработката со градоначалникот на Општина Штип и компетентните служби за јавна дејност и образование, Комисијата за еднакви можности, Комисијата за здравство и социјала овозможија побрзо, поквалитетно и навремено разрешување на одредени проблеми и прашања што се во заеднички компетенции.

Се продолжи со соработка со невладиниот сектор, локалните медиуми (пишани и електронски), СВР Штип, ЈЗУ -Штип и други институции.

- **Соработка со Младинскиот Борд од Штип**

Благодарение на потпишаниот Меморандум за соработка на Гимназијата „Славчо Стојменски“ Штип и Здружението за културен развој МЛАДИНСКИ БОРД – Штип во рамките на програмата ERAZMUS + беа реализирани повеќе проекти со учество на голем број ученици;

- **Соработка со НУ- У Библиотека „Гоце делчев“ – Штип**

Во текот на целата учебна година на организираните настани од страна универзитетската библиотеката земаа учество голем број на ученици, наставници, како ментори или учесници на самите настани. Со заедничка соработка се реализираа многубројни активности, литературни читања, промоции на книги, учество на распишани конкурси, работилници и сл.

- **Соработка со ОО Црвен крст – Штип**

Се реализираа активности од кои посебно место зазема крводарителските акции во месец декември 2023 година и мај 2024 година, каде учениците со наполнети 18 години беа вклучени во хуманата акција за дарување на крв - спасување на човечки животи.

- **Соработката со Центарот за социјална работа,** преку имплементација на проектот Образовен додаток и работа со оние ученици и нивните родители кои имаат проблеми од различна природа во нивното меѓусебно секојдневно социјално живеење (во и вон училиштето), разрешување на конфликти и др.

- **Соработка солокалните електронски медиуми,** М-Нет, ТВ Ирис, ТВ Стар и во насока на актуелизирање на нашето училиште и презентирање на постигнатото.

- **Соработка со УГД - Штип,** преку презентации, промоции и работилници со интересни теми за учениците, наставниците и стручните соработници. Студентите од Филилошкиот факултет при УГД – Штип, реализираа практична настава во училиштето (одржување на часови и полагање на испити) под менторство на наставници од училиштето и професори од факултетот. Беа презентирани сите наставно научни профили пред учениците од четврта

година. Дел од презентациите беа во нашето училиште, а поголем дел на презентации беа на самите факултети со различни содржини и работилници со активно учество на учениците.

- Во контекст на соработката за учебната 2024/2025 година посебно важна и заначајна за дејноста на училиштето беше и соработката со **Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образонието** на Република Северна Македонија како и **ДИЦ** и **ДПИ** со кои заеднички реализиравме повеќе активности во рамки на воспитно -образовниот процес.

## *6. Подрачја на промени и приоритети*

Во процесот на конкретизација на приоритетите во работата и преземените потфати за остварување на потребните промени, (во делот на подобрувањето на квалитетот на наставата, условите за работа, афирмацијата на училиштето) со цел надминување на слабите страни се водевме од Програмата за развој на училиштето, како наш важен стратешки документ.

На тој начин го градиме сопствениот концепт за развојно планирање со јасно и прецизно поставени стратешки и развојни цели и задачи и ефикасна операционализација на истите преку голем број активности во кои се вклучени човечки ресурси како од училиштето така и од локалната заедница.

На тој начин го градиме сопствениот препознатлив имиџ и водиме грижа за јавното мислење.

## *7. Евалуација*

Преку процесот на евалуација, треба да се добијат релевантни податоци за тоа како и колку успешно е извршена некоја работа, реализиран некој проект или пак имплементиран некој план.

Евалуација, односно континуираното следење и вреднување на постигнатите резултати делува мотивирачки, поттикнува на акција, го подобрува квалитетот во работењето, води напред.

Преку одговорот на прашањата **што** и како работиме, **како** ја следиме својата работа, **како** знаеме дека сме успешни и **кој** ја следи нашата работа, добиваме реална слика за состојбите во Гимназијата и правиме сеопфатна анализа.

На крајот на учебната 2024/2025 година, заклучните согледувања од направената евалуација и поставените колективни критериуми за успех и квалитет во работењето се дека зад нас оставивме уште една успешна работна година во сите сегменти од внатрешната и надворешната организациска структура на Гимназијата. Оцената на постигнатиот општ успех на постигањата на учениците е Мн. добар (4.23).

За клучните сегменти за евалуацијата прибиравме податоци кои произлегуваат од работното искуство и семинарите на наставниот кадар и стручната служба. Како извори на докази се користеа методи и техники на квалитативна и квантитативна методологија: **систематско набљудување** (протокол на набљудување, дневник на набљудување), **анкетирање** (анкетен лист) за ученици, родители, наставници, директор, **интервјуирање** (протокол на интервјирање), **анализа на содржина** (педагошката евиденција и документација), **анализа на тестови на знаење по наставни предмети.**

Определивме работни тимови и лица кои ги спроведуваа, прибираа и обработуваа податоците и, секако, сето тоа во определени временски рамки.

Во контекст на делот евалуација, ќе ја споменеме и екстерната евалуација, Интегрална евалуација спроведена во месец март од страна Државниот просветен инспекторат, како важен механизам на обезбедување квалитет во образованието и обезбедување на објективност во оценувањето. Таа претставува независна проверка на излезните резултати во образованието што ја вршат експерти вон институцијата која се евалуира.

## 8. *Вклученост во проекти, воннаставни и слободни ученички активности, извештај за реализирани цели и задачи*

Во текот на учебната 2024/2025 година беа реализирани голем број на активности предвидени во Годишната програма за работа на училиштето**:**

- Соодветно пренесувани и инплементирани согласно пропишаните Наставни планови и програми;

- По сите наставни предмети навреме беа изготвени глобални и тематски планирања, како и краткорочни планови (дневен план, план за час);

- Изготвени планирања (со акцент на Образованието за животни вештини) од класните раководители за работа на класните часови;

- Посебна помош и поддршка им се дава на сите наставници - почетници (приправници) и наставници кои за првпат реализираа проектни активности, од страна на раководниот, педагошкиот стручен кадар и менторот;

- Одржување на дополнителна настава со ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на одделни програмски содржини;

- Одржување на додатна настава со учениците кои се талентирани, надарени и покажуваат посебни афинитети кон одредени наставни предмети и подготвување за натпревари;

- Консултативна настава се реализираше претежно со учениците од завршната, четврта година на образование, заради правилно и навремено изготвување на проектните задачи за Државна матура. Менторите ги воведуваа матурантите во методологијата на изработката, начинот на презентирање и одбрана на проектнита задача;

- Советување на родители на ученици кои имаат исти или слични проблеми во училиштето. Да се преземат конструктивни мерки во насока на подобрување на целокупниот однос на родителите со нивните деца - тинејџери, наши ученици. Дадени им се совети за развивање на емпатиското размислување во однос на нивните деца за да можат полесно да ги сфатат и успешно се справат со предизвиците произлезени од развојните кризи низ кои поминуваат учениците. Дадени им се препораки за поуспешно комуницирање на релацијата родител-дете. Будно да се следи секоја промена во однесувањето и идентификување на причините за отсуствата од наставата или намалениот успех. Да се споделат меѓусебни позитивни искуства кои се покажале како успешни во градењето на односот со нивните деца и делувале мотивирачки.
- Земање активно учество од страна на учениците и нивните ментори, на организирани натпревари по скоро сите наставните предмети и наградни конкурси од различни области, на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво.
- Учество на многу спортски натпревари во рамките на училишниот спорт, фудбал, ракомет, одбојка, кошарка, за машки и женски. Учество на традиционалната ноќна трка во која учествуваа околу 250 ученици од општината, организирана од општина Штип по повод 8 Ноември, денот на ослободувањето на градот Штип.
- Имплементација на Проектот за образовен додаток, покровителство на МОН во соработка со Министерството за труд и социјална политика) за исплаќање на парични средства на учениците чии семејства ги исполнуваат условите.

Во текот на учебната 2024 / 2025 година освен спроведените активности за кои сме обврзани со Закон, беа реализирани и други активности значајни за воспитно-образовниот процес и целокупната работа на училиштето. Во определувањето на учениците за таканаречените вонучилишни активности и за изборот на содржините на активностите, особено доаѓа до израз нивната желба за продлабочување на знаењата, слободна волја и изразување. Всушност, вонучилишните активности се и најдобар показател за интересите,

афинитетите и творечките способности, и уште повеќе овозможуваат поттикнување и помош во нивното понатамошно развивање. Вклучувањето и имплементирање на проекти беше на завидно ниво. Училиштето нема добиено и реализирано проекти со сопствени, или средства од други институции, донатори. Реализирани се многу активности во соработка со други институции.

Проект-тимот во училиштето ја имаше поддршката од директорот, од стручните активи, учениците, родителите, Локалната самоуправа и Локалната заедница. Во определувањето на учениците за таканаречените вонучилишни активности и за изборот на содржините на активностите, особено доаѓа до израз нивната желба за продлабочување на знаењата, слободна волја и изразување. Всушност, вонучилишните активности се и најдобар показател за интересите, афинитетите и творечките способности, и уште повеќе овозможуваат поттикнување и помош во нивното понатамошно развивање.

Наставната година започна 02.09.2024 година, сите успеси започнаа токму тогаш. Среќни сме што пречекавме уште една ветувачка генерација која ќе биде квалитетно едуцирана во нашето училиште.
На сите ученици и професори им посакавме среќна и успешна учебна година!
Не постојат граници за бистри умови!
Со среќа наши најдобри ученици, уживајте во средношколските денови и незаборавајте дека иднината од вас зависи!

Вонучилишните активности се реализираа и во рамките на повеќе секции и проекти:

- Повеќекратна посета на Штипскиот музеј и Штипскиот Безистен од страна на учениците од сите години, на класните часови, часовите по Историја и Ликовна уметност;
- Учество на литературниот конкурс Блаже Конески од страна на културниот едукативен центар „Небрегово“. На 06 септември 2024 година нашата ученичка Даница Левкова под менторство на професор д-р Наташа Лазарева се здоби со престижна награда „Зборот на Конески" од фондацијата Блаже Конески - Небрегово. Свеченото доделување на наградата беше во Спомен куќата на

Конески во с. Небрегово со пригодна манифестација во присуство на еминентни македонски имиња;

- Учество на Општински литературен конкурс на тема: „Човекови права" во организација на „Гласен текстилец" - здружение за заштита на работничките права;
- На 12 септември 2024 година ученици од втора и трета година беа присутни на настан во Американското катче посветен на можностите за студирање во САД. Таму се сретнаа со претставници од Амбасадата на САД кои им ги презентирааа начините како полесно да добијат студентска виза или стипендии за да студираат на еден од многубројните универзитети во Соединетите Американски Држави;
- На 16 септември 2024 година нашите ученици, амбасадори, Марио Ванчоски и Иван Костевски - учесници на Светската олимпијада по хемија заедно со нивните професори Виолета Ѓоргиева и Марјана Младеновска Петрова беа на свечен прием кај Претседателката на нашата држава Гордана Сиљановска Давкова. Прием на ученици-добитници на меѓународни награди и признанија во текот на 2024 година. Успесите никогаш не може да се сокријат, а најголеми се тогаш кога го доживуваат своето признание.
- На 18 септември 2024 година на ПМФ на Институт по хемија се одржа свечен настан по повод постигнатите успеси на меѓународните натпревари по хемија во 2024 год. Нашите ученици Марио Ванчоски, Иван Костевски и Даниел Христов ги примија признанијата за постигнатите успеси;
- На 20 септември, во гимназијата и во сите основни училишта во Општина Штип беа засадени украсни садници под мотото: „Ги едуцираме младите, ја чуваме околината, го подобруваме изгледот“. Ја подигаме свеста на учениците за заштитата на животната средина и борбата против климатските промени. Благодарност до Националната агенција за европски образовни програми и мобилност за донацијата на садници;
- На 27 септември 2024 година, по повод осмиот Медиумски ден за средношколци организиран од страна на @**medium.edu.mk** нашите Гимназијалци беа гости во националната медиумска куќа Канал 77 каде одблизу се запознаа со работата на медиумот и начинот како се препознаваат лажни вест;

- Во организација на Општина Штип, по повод 5 октомври - Светскиот ден на учителот, во Општина Штип, се одржа Свечена академија на која беа доделени Признанија за посебно залагање и постигнати резултати во воспитно-образовната дејност. Признанието за најдобар наставник од СОУ Гимназија ,,Славчо Стојменски" – Штип го доби професорката по математика Ефче Арсова Нехтенин за својата долгогодишна, професионална и успешна работа. По повод тој ден, а посветен на наставниците од нашето училиште беше споделен пост на ФБ од нашата ученичка Милена Тасева.

ЧЕСТИТ ДЕН НА УЧИТЕЛОТ!

Денешниот ден, поминат со многу манифестации по повод денот на учителот, е важен ден за да се покаже внимание на оние кои ја имаат најблагословената професија. Поракава, обраќањево, ќе се потрудам да го оддалечам од формалноста, од напамет - напишаното, бидејќи вие заслужувате само искрени, растреперени чувства. Моиве зборови, навистина не знам, дали ќе можат да застанат на ниво на возвишените мисли што ги имам за вас, верувам не. Па зар некој може да си замисли да има стотина свои деца, не секако. Но, ако прашањево го поставиме на учителите, наставниците, професорите, со задоволство ќе го одговорат ова прашање. Во нивното срце се сместени толку прегратки, толку погледи, толку приказни. Па зарем постои нешто повозвишено, поволшебно од искрена насмевка на дете, кое не се смее само со насмевка, туку и со раширени, исполнети зеници?! Уште поубаво е кога ќе сфатиш дека со најхуманата професија, ако така можам да ја наречам, или нешто уште повозвишено, си допридонел за светлината во детските срца. Љубов, само љубов треба да поседуваш во срцето за да одлучиш да подучуваш патници, но не за вообичаен пат, туку за патот на животот. Но, овој важен ден, јас, а верувам и поголемиот дел од вас, би им го посветиле на сите личности што ја имаат најубавата професија-да работат со деца, да влеваат човечност и знаење, и на наставниците, и на професорите, и на писателите. Влевате, пред сè, човечност и љубов во младите срца. Потоа на ред доаѓа сè друго. Создавате, откривате искрена убавина, а тоа е како талкање по најубавите раскошни шуми. Станувате одговорни сведоци за градењето искрени животи, со ваши мисли, трепети. Бидете здрави, среќни и исполнети, секој ден. Гордејте се со творбите кои сте ги изработиле, за животите што сте

ги подигнале од темел, а за сè останато ќе се погрижиме ние. Само така ќе успееме да вратиме дел од долгот кој ви го должиме, а секако и да станеме чекор поблиску до искрената љубов и блиските чувства.

- По повод светскиот ден на менталното здравје 10 октомври 2024, учениците од Младинската заедница „Авакс“, имаа работилница и активноси на темата Креативност од „Модулот за подобрување на менталното здравје и добросостојбата кај учениците и сите чинители во воспитно-образовниот процес" Вредните раце на креативците изработија мини флаерчиња со афирмативни пораки кои ги делеа на учениците во училиштето;
- Пополнување на анонимен прашалник од страна на сите наставници и стручни соработници за менталното здравје и добросостојба во нашите училишта;
- Учество на првата тркалезна маса како дел од реализацијата на проектот „Пријавете омраза“ на 10 октомври 2024 година. Како локални партнери ќе бидат вклучени Општина Штип, средните училишта и Универзитетот „Гоце Делчев“. Станува збор за меѓународен проект кој го третира говорот на омраза како феномен кој влијае на менталното здравје на младите а најмногу на адолесцентите. Сегашната младина, како генерација која поминува многу време на интернет е под најголема закана од говор на омраза и врсничко онлајн насилство. Станува збор за феномен на современото општество, кој предизвикува се поголема загриженост и проблеми на младите, но и на нивните родители, старатели и воспитувачи. Говор на омраза е секој говор, гестикулација, однесување или пишан текст коишто можат да поттикнат насилство, да деградираат или заплашат одреден поединец или група. Во меѓународниот пакт за граѓански и политички права /ICCPR/ е наведено дека секој напор за застапување на национална, расна или религиозна омраза треба да биде забранет со закон. Меѓународната правна регулација се темели на Конвенцијата за сајбер-криминал од 2001 година, врз чија основа во 2003 година е донесен посебен протокол на кој се придржуваат сите држави. Според протоколот, говорот на омраза на социјалните мрежи е расистичка и ксенофобична закана и невреда преку компјутерски систем. Разни стражувања покажуваат дека говорот на омраза е појава која ги демне младите, како во Советот, па така и во Република С. Македонија. Во Република Германија од

2017 година постои платформа за пријавување на говор на омраза кај младите. Нивното искуство и работа ќе бидат клучни показатели за воспоставување на оваа мрежа и во нашата држава. Во овој проект, покрај Германија како иницијатор и водечки партнер, учествуваат и Словачка, Израел, Хрватска, Шпанија и Унгарија и Македонија. На состанокот беа дадени повеќе детали за проектот, неговата имплементација и нашата улога во самиот проект;

- Од 7 до 10 октомври, учестваше наша ученичка на Меѓународниот карате турнир „Никола Грдановски-Нике" во организација на КК Металург настапија каратисти од Македонија, Косово, Црна Гора, Грција и Бугарија, специјални гости од Италија, Полска, Грција, Хрватска и Бугарија, односно од 28 клуба со 400 натпреварувачи;
- Учество на наша ученичка на Светското првенство во карате кое се одржа од 7 до 14 октомври 2024 година во Венеција, Италија;
- Реализрање на општествено корисна работа од страна учениците од повеќе класови на класните часови, чистење на пределот на коритото на река Отиња во централното гратско подраче за континурано подигање на еколошката свест на учениците;
- На 25 октомври 2024 година со пригодна програма насловена „Ние потомците на Стојменски“ го одбележавме патрониот празник на нашето училиште и 103 годишнината од раѓањето на Славчо Стојменски. Во пресрет на патрониот ден во училиштето се одржаа спортски натпревари. „За нас Стојменски не е само минато. Тој е иднина и слободарски дух втемелен во секој од нас", рекоа нашите ученици пред спомен бистата на Стојменски, преку музика, поезија, интерпретации, цвеќе, чествување и длабоко изразена почит за нашиот великан-патрон;
- На 29 октомври 2024 година се реализира обука за наставниците од средните училишта кои предаваат предмети од областа на економските науки;
- Учество на учениците од втора и трета година на презентација од областа на улогата на народниот правобранител за правата на децата и механизми за заштита;
- На 04 ноември 2024 година се одржана врсничка едукација на млади за крводарителство од страна на доктор специјалист трансфузиолог со учениците од трета и четврта година пред претстојната крводарителска акција;

- На 06 ноември 2024 организирана и успешно спроведена Крводарителска акција во просториите на гимназијата;
- На 11 ноември 2024 година нашето училиште беше домаќин на претставниците од Здружението ЛЕАД „Најгласни“. Тие се сретнаа со ученици и претставници од младиските заедници од нашето и од другите средни училишта, со цел да го објаснат претстојниот натпревар во кој училишниот парламент ќе има важна улога. Во училиштето, парламентот претставува глас на учениците - тие се нашиот одбор на млади лидери, избрани од нивните соученици за да ги претставуваат нивните идеи, предлози и потреби. Токму оваа група посветени млади ќе биде активна во натпреварот кој го подготвува „Најгласни“ и ќе ја презентира силата на ученичката заедница.Претставниците од „Најгласни“ ги запознаа учениците со правилата и предизвиците на натпреварот, а атмосферата беше исполнета со енергија и ентузијазам. Учениците имаа можност да поставуваат прашања, да ги слушнат искуствата на претставниците и да ги споделат своите идеи. Сите беа инспирирани од можноста да придонесат кон позитивни промени во училишната заедница, преку овој интересен и иновативен натпревар;
- На 12 ноември 2024 година се одржа едукативна работилница со ученици од четврта година  од страна на Советот за етика во медиумите на Македонија СЕММ, во рамки на проектот „Поттикнување на етнички пристап во Media Workers T-AJM), со код на проектот ИПА III/2022/441-824, ивестувањето кај потенцијални млади новинари“, грант на „Тренинх-академија за новинари и медиумски работниц – T-AJM“ (Training Academija of Journalitst and реализиран од Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), Европската Федерација на новинари (EFJ) и Иницијативата за Европска перспектива (IER), со средства од Европската Унија. Целта е младите средношколци да се запознаат со принципот на саморегулација на медиумите, но и со техниките за препознавање дезинформации, како еден од најголемите глобални ризици на денешницата при онлајн информирањето. При тоа слушнаа за постоењето и потребата да се почитува Кодексот на новинарите на Македонија, за одговорното новинарство како еден од столбовите на демократскиот развој на општеството, за можноста да се поднесе жалба доколку некој медиум ги прекршува  „правилата на игра“, за штетата од говорот на омраза и воопшто за

потребата од поголема медиумска писменост на населението. Предавачи беа истакнати новинари/тренери, искусни во работа со млади: Катерина Топалова и Александар Манасиев. Како да се препознае вистина или лага во текстови, фотографии или видеа објавени во медиумите или социјалните мрежи. Низ реални примери, им се предочи на учениците, дека не се што изгледа реално е вистина и дека не се што изгледа нереално е лага. Проверувањето на информациите од што повеќе агли ќе не заштити од дезинформации и манипулативни содржини;

- Во рамките на Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија на 14 ноември нашите ученици се претставија пред Собранието на РСМ и ги презетираа своите ставови за три клучни прашања од нашето секојдневие: Иселување на младите, Реформи во образованието и Поддршка на домашната музичка продукција. Со настапот учениците од СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ од Штип, официјално го завршија регуларниот дел од Имам став.Учениците ги изнесоа своите предлози и идеи за решавање на горливи проблеми како што се иселувањето на младите и потребата за реформи во образованието. Дополнително, дадоа конкретни предлози за поддршка на домашната музичка продукција и развој на културната сцена во земјата. Оваа иницијатива овозможува младите од целата држава да го изразат својот став токму таму каде што се креираат политиките – во домот на демократијата. Имам став! е едукативна активност која им нуди на учениците непроценливо искуство да се запознаат со политичкиот систем, да научат како да ги застапуваат своите идеи и да се поттикнат да бидат активни граѓани кои ги креираат идните општествени промени. На 19 декември се одржа финалната сесија на која учениците го освоија третото место;
- На 19 ноември 2024 година нашата гимназија беше посетена од страна на министерката за образование Проф. д-р Весна Јаневска. Целта на посетата беше изворно да се запознае со ефектите од воведената едносменска настава, заложба на Владата и потребите на училиштето во наредниот период. Покрај позитивните впечатоци од целокупното пулсирање на училиштето ни беше ветена реконструкција на кровот како потреба и повеќегодишно барање од наша страна;
- На 19 ноември 2024 во нашето училиште се одржа работлница на тема

„Слатко ама опасно", реализирана од еминентни новинари и предавачи од Институтот за комуникации - Скопје. За нашите ученици секој нов ден е ново и незаборавно искуство. Имаа исклучителна можност, да се едуцираат од најдобрите. Во својата објава Институтот за комуникации вака напишаа за работата со нашите ученици.Како ќе изгледа приказната за Црвенкапа ако ја напишеме како вест? Ваков предизвик им дадовме на средношколците од СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ на медиумската лабораторија што се одржа во ова училиште. Откако успешно одговорија на овој предизвик, им дадовме уште еден - да направат кратко видео од обуката. Успешно одговорија и на вториот предизвик. Ги тестиравме и нивните вештини за препознавање дезинформации, мининформации, и други медиумски манипулации, а дискутиравме и како полесно да ги препознаеме и да се заштитиме;

- На 20 и 21 ноември 2024 година се одржаа врснички едукации за Борба против зависностите од страна на волонтери на Црвен Крст на класните часови со ученици од сите години во нашето училиште;
- На ден 21 ноември 2024 нашите ученички, Тамара Коцева од 2-5 клас и Бојана Јорданова од 1-6 клас, учествуваа на Хекатонот за социјално претприемништво одржан во рамките проектот „Зајакнување на младите преку нови можности“. Од вкупно 7 тимови и 3 награди, ученичките се закитија со 2 од наградите: Најдобра бизнис идеја и Најдобра презентација на бизнис идеа;
- Учество на меѓународниот турнир Сончков ден во Словенија. Нашата ученичка Ива Колева како дел од All Star sвездите и ЖКК Тим Арена од Штип го освоија првото место;
- Учество на првиот натпревар по математика UltiMATH, организиран од Бреинстер Некст факултетот и NU Колеџот за средношколци, во рамките на проектот на Бреинстер за поддршката на вистинските вредности и мотивирањето на младите за математика. Од 350 средношколци, нашиот ученик Марио Ванчовски стигна до третата рунда, меѓу најдобрите 20;
- По повод 1 декември - Светскиот ден за борба против ХИВ/СИДА, на 02.12.2024 година во нашето училиште од страна на здружението СОМА - Штип се одржаа предавања, работилница за подигање на свеста против оваа болест. Грижата за нашите ученици е наша должност, преку професионална и навремена едукација до здрави и сестрано едуцирани ученици;

- Учество на државното изборно првенство во карате, во кадетска конкуренеција. Нашата ученичка Мила Штериева го освои првото место, шампионка на Изборното првенство;
- На 03 декември 2024 година, нашите ученици од трета година имаа можност да бидат дел од едукативната работилница на тема: Деловна комуникација - CV, мотивациско писмо и интервју за работа. Истата беше овозможена од Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип со предавачи од Економскиот факултет.

Секојдневното надоградување на нивните знаења и вештини се само доказ за нивниот голем ученички интерес и научен развој. Гимназијата продолжува да биде нивна квалитетна образовна поддршка;

- На 05 декември 2024 година по повод светскиот ден на волонтерството на младите, нашите ученици земаа активно учество на едукативната работилница, за нивно мотивирање, емпатија, подигнување на свесноста и доброволно учество во волонтирањето, како хумана активност за целата заедница;
- На 06 декември, по повод одбележување на Меѓународниот ден на човекови права, нашите ученици присуствуваа на одржана симулација на постапка пред Европскиот суд на Правниот факултет при УГД Штип.
- На 19 декември 2024 година беше оддржано големото финале на едукативната дебатна активност ,,Имам став”, каде нашите ученици имаа за цел да ги разгледаат клучните прашања кои најмногу ги засегаат младите и да дадат свои иновативни решенија за истите. Преку проектот ,,Имам став” кој воедно претставува уникатна симулација на законодавна постапка , поттикнува развивање на комуникациски вештини, поголема самодоверба и критичко размислување, сè она што учениците го почуствуваа на своја кожа. Вистински успех е да се дојде до овде со оглед на тоа дека Гимназијата за прв пат учествуваше на ваков настан.
- На ден 20 декември 2024 година се одржа предавање од Национална галерија, главен предавач беше проф. д-р Кирил Пенушлиски, кој работи на 4 факултети ЕСРА, УКИМ, во Белград и Нови Сад. Предава македонска современа уметност, а во нашата гимназија ,учениците од прва година имаа предавање за нашиот врвен сликар Лазар Личеноски кој оставил голем траг во

македонска уметност, македонски експресионистички сликар и еден од најавтентичните сликари на македонскиот предел;

- Учество на конкурсот распишан по повод сто и една година од

раѓањето на поетот Ацо Шопов на тема: „ТИШИНАТА ПОНЕКОГАШ ЗБОРУВА НАЈГЛАСНО И НАЈДОБРО ЗА ДЕЛАТА И ПОЕТОТ АЦО ШОПОВ“. На 20 Декември 2024 во просториите на НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип беа доделени наградите од распишаниот литературен конкурс за есеј и песна за категорија ученици од основните, средните училишта и студенти;

- Учество на координативниот состанок со тимот на Националниот

младински совет на Македонија и Мрежа Стела со цел информирање за активностите кои ќе се реализираат од јануари до јуни во врска со кариерно советување и менторска програма;

- Посета на Саем на книгата во Штип;
- Следење на театарски претстави од страна на учениците од сите

години;

- Организирано предавање за ХИВ од страна на доктор од Центарот за
- Јавно Здравје Штип на учениците од втора и четврта година. Во првото

полугодие беше извршен систематски преглед за учениците од четврта година а во второто полугодие за учениците од прва година;

- Учество на Еразмус плус проекти:

- учество во меѓународен проект за младинска размена на тема „ Crime Prevention in youth“ во Паралимни, Кипар;

- учество во меѓународен проект за младинска размена на тема „Many Youths, Many Cultures Together for a Sustanble World“ во Анкара, Турција;

- учество во меѓународен проект за младинска размена на тема „Well Being-in harmoni with nature“ во Велики Житник, Регион Лика, Хрватска;

- учество во меѓународен Еразмус проект „Smart Start“ во Романија на тема финансиска писменот, претприемништво и професионален развој;

- учество на меѓународен Еразмус проект „Youth Work Efficiency” во Романија на тема Вештини за подобрување на лидерство, мониторинг, организација и тимска работа;

- учество на меѓународен Еразмус проект во Порто, Португалија, „Ye Let`s act on inclusion“;

- учество на меѓународен Еразмус проект „Trace of sound“, во Турција;
- учество на меѓународен Еразмус проект во Литванија, Подржување на интеграцијата на Украинските бегалци: методика на човечката библиотека;

➢ Учество на Балканско првенство во борење;

➢ Учествона светски шампионат во карате;

➢ Учество на квалификациониот натпревар за учество на Интернационалната олипијада по Хемија 2025 (IMChO и IChO);

➢ Проследено предавање за „Превенција за Употреба на петарди“ од страна на МВР и Клиничка болница, Универзитетска клиника за пластична хирургија во салата на училиштето од страна на сите ученици;

➢ Во рамките на проектот „Рециклирај го минатото, спаси ја иднината" под менторство на проф. Кети Додева - Трајчева нашите ученици на 30 декември имаа гимназијалска забава со научно-уметничка програма. За првпат во нашиот град организиравме еко - гимназијалска забава со многу новогодишни насмевки. Нашите гимназијалци благодарение на својата високо издигната еколошка свест успеаја преку проектот сами да си обезбедат зелени поени - финансиски средства за оваа забава. За која успеаја во рок од еден месец да рециклираат 2821 шишиња. За истите добија 5642 зелени поени кои ги претворија во финансиски средства и си овозможија новогодишен коктел и добра музика и ја испратија годината што изминува
Горди сме на вас, наши драги ученици, се радуваме што можевте да уживате во сопствениот труд. Останете препознатливи по вашата одговорност, посветеност и високо развиена свест за екологија.

➢ Со инсерти од еко забавата беше изработена и споделена Новогодишна честитка за сите наши ученици, професори, родители и сограѓани. Среќна и бериќетна 2025 година!

➢ Учество на наставниците во потполнување на прашалник како резултат на регионална иницијатива на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Република Северна Македонија во партнерство со МОН за анализа на заедниците за размена на знаења и искуства меѓу наставниците. Овие заедници се важна форма на за обезбедување на професионален развој на вработените,. Можност да се дефинираат низа препораки и мерки за нивна понатамошна поддршка ;

- Во месец јануари, Општина Штип ги награди и им даде признание на најдобрите спортисти, спортски работници и клубови кои покажаа огромни успеси на терен во изминатата 2024 година. Меѓу нив беа и две наши ученички. Во категорија кадети, третото место го освои Ива Колева од ЖКК „Тим Арена“, а наградата за прво место, спортист на град Штип замина во рацете на Душица Бреслиева од карате клуб „Штип“. Двете ученички во прва година.

Училиштето пак се збогати со уште една плакета за најдобри резултати во училишен спорт на општина Штип за 2024 година и беше прогласено за најуспешно училиште во општината за 2024 година;

- На 23 јануари 2025 година учениците земаа учество на Панел дискусија по повод Интернационалниот ден на образованието и истата беше со партнерство на Американското катче;
- На 31 јануари 2025 година во училиштето успешно се изведе показна вежба, евакуација во случај на пожар „Евакуација на ученици и вработени - симулација при пожар“. Вежбата беше изведена по сите предвидени стандарди, со навремена евакуација на учениците и целиот персонал во училиштето. Показната вежба се спроведедува согласно законските прописи од областа на заштита и спасување и има превентивен карактер, а целта е подигнување на степенот на безбедносни мерки и подготвеност кај учениците и наставниците за поефикасна заштита при пожар. Учениците и сите вработени многу сериозно ја сфатија својата улога и показната вежба заврши успешно;
- По повод чествувањето на 153 годишнината од раѓањето на Гоце Делчев нашите гимназијалци на најдостоинствен начин со хорска изведба и пригоден рецитал ја претставија нашата Гимназија. Како и секогаш имаа впечатливи настапи и искрени емоции;
- На 04 февруари 2025 година нашата ученичка Душица Бреслиева (-54 кг) учествуваше и беше најсупешната македонска репрезентативка на Европското карате првенство за кадети, јуниори и У-21 во Биелско-Бијала, Полска, освојувајќи го бронзениот медал.
- На 14 февруари кога празниците Св. Трифун и Св. Валентај се преклопуваат кај нашите ученички препознатливи креативки идеите се удвојуваат. Беа дел од книжевната работилница на библиотеката. Ги оживеаја

тајните на љубовните писма низ вековите, а со тоа ги распламтија срцата на посетителите;

- На 14 февруари во организација на Американското катче земаа учество на работилца за Valentine s Day;
- По повод Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, 21 февруари во СОУ

Гимназија ,,Славчо Стојменски" - Штип приреди пригодна програма со хорска изведба, литературно-книжевен перформанс и работилница за калиграфија на тема „Јазикот и калиграфијата живеат заедно";

- Нашите ученици Марио Ванчоски, Даниел Христов и Иван Костевски

учествуваа на Селекционен натпревар за избор на тим кој ќе ја претставува Македонија на 59. Меѓународна Менделеева Олимпијада (IMChO 2025), На 24 и 25 Февруари на Институтот за Хемија при ПМФ – Скопје. Натпреварот се состоеше од комплексни теоретски и експериментални проблеми во времетраење од 5 часа. Учениците остварија успешен пласман и ќе учествуваат на оваа престижна Олимпијада што ќе се одржи на почетокот на месец мај во Бразил. Меѓународната Менделеева Олимпијада(IMChO) е најстарата, најпрестижната и најтешката олимпијада по хемија;

- Кариерното советување е од особена важност за средношколците.

Токму затоа НМСМ, со одобрение на МОН и БРО на 28 февруари во училиштето одржа една сесија за кариерно советување. За време на сесиите средношколците ќе се запознаат со што е тоа кариера, како се планира, колку долго трае, што се кариерни цели и што треба да се направи за тие да се исполнат. Оваа програма се спроведува со поддршка на Британската амбасада во Скопје;

- Ученици од трета година учествуваа на обука за млади лидери во

соработка со Хабитат на 07 март 2025 година;

- По повод престојниот празник, Меѓународниот ден на жената - 8 Март

нашите ученици во склоп на Младинската организација за првпат организираа тркалезна маса. Истата беше на тема Наставничката професија како најчест избор меѓу жените. На нивна покана присуствуваа професорки и стручните соработници со кои имаа можност да ги срушат стереотипите за тоа каков е професорот и да поразговаат со нив за предизвиците, слабостите и желбите за нивната професија. И она што нè направи посебно исполнети беа мудрите

прашања на учениците поврзани со приватниот лик на професорките. Тркалезната маса ја докажа зрелоста, слободата и мудроста на нашите ученици кои дефинитивно се подготвени за модерните животни предизвици.
Имаше и Осмомартовското изненадување - огромен букет цвеќиња на крошната на постоечкото дрво пред самото училиште за сите дами по повод 8 Март иработени од рацете на нашите ученици предизвика позитивни реакции кај сите дами па и останати жители од општина Штип. Изнудени насмевки, изненадени погледи и позитивни емоции се само дел од случајните минувачи.
Се радуваме што денес тие подарија несебична љубов и среќа за сите!
Гордост сте ни наши ученици!

- Учество на свеченото одбележување по повод 80 години јубилеј Црвен крст на РСМ на 10 март 2025 година;
- По повод на Денот на екологијата на 22 март нашето училиште организираше еколошка акција, еко патроли со наши ученици заедно со класните раководители, чистеа во рамките на училиштето, училишниот двор, како и коритото на река Отиња, Под мотото „За чисто училиште, за почиста животна средина", ја градиме еколошката свест на младите!

За континурано подигање на еколошката свест на учениците во текот на целата учебна година се реализра општествено корисна работа, чистење на пределот на коритото на река Отиња во централното гратско подраче;

- За нашите ученици ,,Четрсе" или „Свети 40 маченици" не е само празник на штипската традиција туку и предизвик за вистинско одбележување и оживување на духовноста. Со изработка на едукативни памфлети, нашите ученици празникот, денот и традиција ја доближија до сите граѓани. Им поделија памфлети кои ќе ги потсетат на културните, духовните и традиционалните вредности на обичаите кои се' уште живеат во град Штип. Горди сме на ученичката креативност, посветеност и емпатијата која ја изразија кон своите сограѓани! Вековит нека ни е празникот!;
- Учества на двајца наши ученици на тренинг курс од Европската комисија од 25 до 29 март 2025 година;
- Учество на обележување на денот на ромите на 08 Април;
- На наше големо задоволство нашите ученици на 09 април беа дел од

втората за оваа учебна година, досега најголемата гимназиска хуманитарна акција-дарување крв. Огромна благодарност до Трансфузиологија-Штип и Црвен крст за укажаната мотивација, поддршка и професионалност кон нашите ученици и вработените.

Драги ученици, останете хумани бидејќи хуманоста е најголемата човечка доблест! Верувајте во тоа дека направивте општо добро за некој граѓанин. Хуманоста на учениците беше присутна во текот на целата учебна година. За таа цел, во оспособеното посебно катче „Хуманитарно катче“, учениците и вработените имаат можност во секое време да донираат;

- На 03 април 2025 година наши учениците земаа учество на настанот „Lego Robotics Club“;
- На 11 април 2025 година, нашите ученици присуствуваа на предавање на тема: Моделирање на времето и климата, климатски промени-ризици и предизвици со посебен акцент на потребата од популаризација на физиката и метеорологијата во Македонија, како наука со директно влијание врз секојдневниот живот. Предавачот со предавањето направи промоција на Институтот за физика при ПМФ – Скопје, истакнавајќи го значењето на физиката како фундаментална природна наука, како и нејзината примена во севкупниот социо-економски, технолошки и општествен развој на земјата;
- На 16 април во пресрет на големиот христијански празник Велигден, како и совпаѓањето на католичкиот Велигден, СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ - Штип изгради заеднички мостови преку активности со заедницата на Хрвати „Либертас“. Плодот на нашата соработка прерасна во грандизоно велигденско јајце чија изложена уметничка поставка беше во дворот на гимназијата Изработката на ова уметничко дело е плод од вештите раце на нашите талентирани ученици Елена Џамбазова и Дамјан Андонов под менторство на проф.Сара Петров. Освен со создаденото и насликано грандиозно ремек дело нашите ученици со пригодни музички и книжевни изведби имаа можност во најдобро светло да се претставaт пред сите граѓани на општина Штип. Ваквите ученички дела не се само манифестирање на уметност, туку напротив, тие денес манифестираа љубов, заедништво, разбирање и почит кон заедницата во која припаѓаат.

Да се сплотиме на едно место и да си подариме љубов, мир и разбирање!

- Со посебна гордост беше најавен и реализиран најновиот голем проект на нашите гимназијалци. Обединети како неформална организација на културната манифестација „Очи на Шопов“ 2025, Штип во соработка со Фондацијата за развој на локалната заедница. Неколкудневна манифестација во чест на Шопов, од 9 мај нашите гимназијалци ја започнаа Културната манифестација „Очи на Шопов", завршија на 13 мај. Дел од настаните се одржуваа во Тренинг центарот на УГД (во Дом на култура), а дел од нив во салата на Економскиот факултет. Се случија серија инспиративни настани и распишани конкурси кои ја будат културната свест, го оживуваат зборот и ја слават уметноста во сите нејзини облици.

Отворањето на првиот ден од културната манифестација ,,Очи на Шопов", со многу гости, пригодни говори од директорката и проф. д-р Благој Китанов, беседа за Шопов од ученичките, Даница Левкова и Ангела Стојанова, активности и работилница за најмалите. Балетска претстава во соработка со балетското студио ,,Арабеска". - Вечер за паметење, во која Шоповата тишина преку танцот најсилно говореше. Музички и фолклорен концерт од хуманитарен карактер со изведба на членовите од акдемија ЕУРОАРТ, Градскиот хор - Штип и фолклорниот ансамбал од ДСМУ „Сергеј Михајлов".

Шоповиот збор преточен во звук патува вечно до неговата небиднина.

Се одржа ликовна изложба на која беа доделени наградите од ликовниот конкурс. Рецитаторски натпревар и доделување на наградите од литературните конкурси за основци и средношколци. Искрени насмевки со слатки интерпретации. Ден во кој Шоповиот збор срца параше.

Репромоција на книгата „Од онаа страна на небиднината" од авторот Иван Антоновски. Промотири беа: проф. д-р Весна Кожинкова, проф. д-р Наташа Лазарева и проф. Станка Арсовска.,Шоповиот збор разоткриен низ очите на неговата сопруга Светлана Шопова.

Со пригодна почест ученици положија цвеќе на бистата на Шопов. Оовој чин беше приближување кон последниот предвиден културен настан од манифестацијата ,,Очи на Шопов". Свечено затворање на манифестацијата со завршен концерт на кој настапија училишните хорови од повеќе општински училишта. Со над повеќе од 70 изведувачи Штип пулсираше со музика и емоции. Благодарност до сите 500 учесници-уметници кои земаа учество на

манифестацијата и оставија посебен белег. Изразуваме благодарност до сите поддржувачи, партнери, спонзори, институции и граѓани кои несебично ја поддржаа манифестацијата. Посебна благодарност изразуваме до нашите ученици, носители на проектот кои со својот ентузијазам, труд, посветеност и квалитет успејаа да го оживеат делото на Шопов на еден посебен и препознатлив начин. Преку нивното дело Штип и Гимназијата заблескаа во полн сјај. Шоповиот збор успеа да отпатува во сите облици на уметноста до срцата на сите граѓани;

- Учество на општинскиот натпревар по Прва помош во организација на Општинската организација на Црвен крст штип на 28 април и освоено прво место;
- Учество на симулација за функционирање на општинскиот совет во Велес во ЕУ Хаус на 30 Април;
- Нашиот ученик Марио Ванчовски на 01 Мај учествуваше на селекциониот натпревар за Меѓународната Олимпијада по хемија што ќе се одржи во јули во Дубаи. Како прв по поени обезбеди пласман на истата;
- На 02 мај учениците ја покажаа хуманоста на дело. Хуманоста е можеби најголема доблест што може да ја има еден човек! Горди сме и среќни што ве имаме драги наши ученици. Од замисла до реализација. Нашите ученици во соработка со Црвен Крст - Штип организираа хуманитарен турнир во кошарка и одбојка со учество на екипи од сите училишта во општината.Собраните средства се искористија за помош на социјално загрозени семејства. Мотото, Подај рака – заедно сме посилни! ,зборува само по себе;
- Учествува на Интернационалната Менделеева Олимпијада. На 04 мај, Македонскиот тим од млади хемичари тргна на пат за Бразил, каде ќе Им посакаме среќен пат и успешно учество, посебно горди на тројцата ученици од СОУ Гимназија "Славчо Стојменски" Штип;
- Учество на работилницата „Плати кафе со поезија", најголемиот ден во македонската историја, 5 Мај-Ден на македонскиот јазик нашите ученици го одбележаа со својата креативност на македонски јазик каде со своите книжевно - поетски обиди ни ја донесоа првата награда;
- Учество на ученикот Матеј Марков од 3-2 клас на меѓународни натпревари во спортско качување како дел од Македонската репрезентација;

- На 07 мај, ученици од нашата гимназија со проф. Марјана М. Петрова беа во посета на рудникот за бакар Бучим и Боров Дол. Посетата беше остварена во соработка со Факултетот за природни и технички науки од УГД. Учениците го посетија местото од каде се врши ископувањето на рудата и флотација на истата. Им благодариме за гостопримството на вработените во рудникот Бучим и Боров Дол;
- На 09 мај нашите ученици од сите години го посетија Саемот на книгата во Скопје и имаа можност да се уверат во големината на книгата. Со посета на штандовите се запознаа со многу автори и дела, си купија посакувани наслови и се вратија среќни и исполнети.
Книгата е хартија, ако не ја допираш. А, мајка ако имаш можност да ја погалиш;
- Учество на најпрестижната и најтешката Олимпијада по хемија - Менделеев. 59-тата Меѓународна Олимпијада се одржа во Бело Хоризонте, Бразил на 12 мај. Помеѓу 192-ца натпреварувачи од 39 држави од целиот свет, нашиот Марио Ванчоски освои бронзен медал;
- На 15 мај достојно се одбележа Денот на Македонското Знаме.
Нашите креативни ученици на работилница изработуваа креаци оформувајќи го македонското знаме;
- 16 мај беше последен средношколски ден за нашите матуранти поминат во забава, насмевки и среќа. За нас нема поголема радост од онаа кога гледаш дека децата си ги научил да бидат среќни. Летајте високо како што ве учевме, освојувајте загарантирано како што умеете. Матурската вечер им беше на 20 Мај. Уживајте во забавата, музиката и радоста!
- На 21 мај по предлог на комисијата, Наставничкиот совет го потврди изборот за ПРВЕНЕЦИ НА ГЕНЕРАЦИЈА. Избрани се учениците Марио Ванчоски од 4-1 клас и Иван Костевски од 4-2 клас. Вистински амбасадори на секое поле. Нашите ученици низ своето четиригодишно образование изградија планина од знаење, освојувајќи многубројни награди кои му донесоа успех на нашето училиште и со тоа имаа можност да се кандидираат на објавениот конкурс за првенец на генерација. Се пријавија двајцата ученици од четврта година. Според бодувањето кое беше направено од страна на комисијата по пропишан правилник од двајцата пријавени ученици не можеше да се направи избор на еден. Беа предложени и на големо задоволство избрани.

Искрени честитки за нашите амбасадори-првенци на генерацијата 2021-2025 година!;

- Успешно организирана и реализирана Наставно-научна екскурзија во Охрид за учениците од прва и втора во периодот од 15 и 16 мај 2025 година. Спроведена со ТА Црво Експрес од Штип. Се посетија Битола, Хераклеа и убавините на бисерот балкански - Охрид. Убавата атмосфера, другарувањето и фотографиите пишуваат незаборавни спомени;
- На 20 мај, ученици од нашата гимназија учествуваа на изложбата посветена на животот и пораката на Ана Франк, организирана од Младински образовен форум во Домот на културата во Штип. Изложбата претставуваше силна едукативна порака за правата, толеранцијата и историјата, а нашите ученици имаа можност активно да се вклучат и да споделат свои ставови и размислувања. Нивната ангажираност е доказ дека младите можат да бидат двигатели на промени и чувари на историската свест;
- Успешно организирана и реализирана завршна меѓународна екскурзија за учениците од трета година во периодот од 20 до 26 мај 2025 година на релација Штип-Љубљана-Венеција-Лидо ди Јесоло-Милано-Сирмионе-Верона-Белград. Спроведена со ТА Атлантик од Штип. Воздишки, насмевки, запишани спомени во срцата. Посетени Љубљана, Венеција, Милано - светска метропола на модата и фудбалот денес не плени со гостопримството и уметноста што ја поседува. Сирмионе и Лаго ди Гарда - вистински италијански дух на езерското крајбрежје, Верона - градот на љубовните воздишки кој нашите гимназијалци ги остави без здив. На секоја уличка сеуште живее љубовта на Ромео и Јулија. Средновековна архитектура, романтични градби, мостови, палати и пазари. Насмевките, спомените и импресиите остануваат вечно да живеат во гимназијалските срца;
- На 22 мај, нашата ученичка Душица Бреслиева од 1-6 продолжи да ги граба успесите на спортско тло. Учествуваше на турнирот Таеквондо јуниори-Солун опен Е1 и се здоби со бронзен медал;
- На 29 мај наши ученици учествуваа на настан на Правниот факултет при Универзитетот„Гоце Делчев“ Штип, кој имаше чест да биде домаќин на меѓународниот настан за свесност „101% Chi controla le tue scelte? / Кој ги

контролира вашите избори?“, организиран во соработка со Жан Монет Чаир EUVALWEB и нашите меѓународни и институционални партнери.

Нашите ученици  под менторство на проф. Емилија Наунова снимија моќен краткометражен филм за сајбер булинг - тема што, за жал, е дел од секојдневието на многу млади. Нивната порака беше јасна: дигиталното насилство е вистинско насилство, а молкот не е решение. Горди сме на нашите ученици од прва, втора и трета година, кои успеаа умешно да ја обработат дадената тема и беа достојни на својата задача. Покрај рефлектирачки краткометражниот филм на студенти од Факултетот за образовни науки - Универзитет „Гоце Делчев“ беше проектиран и нашиот изработен филм за сајбер насилство со претставниците од Италјанската полиција. Целиот настан беше на англиски јазик.Беа добиени многу пофалби од сите нив.Проекциите беа проследени со отворена дебата, нудејќи простор за студентите и гостите да размислуваат за тоа како се обликува изборите и важноста на свеста и критичкото мислење. Настанот заврши успешно со позитивен повратни информации од сите учесници и силна порака за улогата на образованието, медиумите и институциите во заштитата на младинската автономија;

- За презентација на училиштето, беше назначен маркетинг тим од шест члена од страна на директорот и истите ги осмислуваа активностите за маркетинг капмањата на училиштето. Активностите се состоеа од транспарентно презентирање на училиштето, видео записи, видео препораки од ученици, посета на основни училишта со репрезентативни презентации и предавања од страна на наставниот кадар и ученици. Организирани повеќе отворени  денови за промоција на училиштето. Учениците од деветтите оделенија од различни училишта во договорени термини го посетуваа училиштето додека тоа пулсираше со вообичаениот тек на настава и други активности. На 30 мај 2025 година во Дом на млади Штип, во организација на Општина Штип и средните училишта од општината се организираше заеднички отворен ден. Успешно се презентираше училиштето со можностите, условите кои ги нуди, завидните постигнувања на учениците и наставниците како можност за вистински избор на учениците од деветтите одделенија. Под мотото учи од најдобрите, учи за да бидеш најдобар, биди гимназијалец во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ - Штип. По организираното претсавување

нашите ученици на плоштадот „Слобода“, организираа настан од забавен карактер на кој делеа флаери со возење на ролери. Целта беше на забавен и иновативен начин да се доближиме до учениците од основните училишта;

- Успешни онлајн вклучувања на наши поранешни ученици, кои студираат во Словенија. На учениците од трета и четврта година им ги презентираа и споделија искуствата и правните регулативи за образовниот систем во таа држава;
- Нашата ученичка Андреа Кукушева од трета година во улога на делегат, неколку денови во јуни ја претставуваше гимназијата на Меѓународната конференција Model UN на Обединети нации. Заедно со уште 13 делегати дебатираа и предлагаа решенија за Глобалната колаборација за вакцини. Нашата Андреа се здоби со наградата најдобар делегат чии донесени решенија влегоа во крајниот документ „Resolution Paper". Горди сме што нашите ученици се дел од глобални истражувања, одлуки и решенија;
- Учениците на СОУ Гимназија Славчо Стојменски- постигнаа уште еден голем успех. Под менторство на д-р Данка Јовева, учествуваа на Конкурсот за Најдобар фил(м)ософски есеј, кој се одржа во рамките на Фил(м)ософскиот фестивал- Средношколската видео лектира, ги постигнаа следните резултати: прво место - Мила Кралева, ученичка во IV-1 и второ место - Игор Христовски, ученик во IV-3. Покрај паричните наградa учениците се здобија и со други пригодни награди, како: едногодишна стипендија на Универзитетот ЕУРОПА ПРИМА; комплет филозофски списанија „Филозофска трибина“; филозофска литература од издавачката куќа „Аз-Буки, подароци од кинотеката на С. Македонија“. Исто така, шпанската амбасада на првопласираната ученичка и додели едногодишна стипендија за изучување на шпанскиот јазик во едукативниот центар „Casta Diva“ во Скопје. Првонаградениот есеј ќе биде објавен и во националното списание за филозофија „Филозофска трибина“;
- На 2 јуни учениците земаа учество на International Model United Nations;
- На 09 јуни во организација на општина Штип беа прогласени првенците на генерацијата 2021-2025. Нашите гимназијалци-нашите амбасадори, Марио Ванчоски и Иван Костевски ги примија признанијата и го крунисаа својот средношколски труд. Нема поубав момент од тоа кога трудот е препознаен, а знаењето и посветеноста наградени. Убедени сме дека во изминативе четири

години ви помогнавме и го трасиравме вашиот пат кон успехот. Чест ни е што од сите вас изградивме вистински личности со големи успеси. Не запирајте да освојувате, за вас не постојат препреки бидејќи вие и вашиот интелект сте вистински височини!;

По вас гимназијата продолжува како поискусен расадник на успешни умови;

- На 10 јуни во организација на општина Штип најуспешните и наградени ученици во областа на спортот беа на прием кај градоначалникот;
- Во периодот од 12 до 14 јуни учениците земаа учество Првата младинска конференција за клима во Македонија LCOY;
- На 30 јуни и 01 јули професорите од нашето училиште посетија обука на тема „Примената на вештачката интелигенција во образованието" организирана од Бирото за развој на образование. На истата се обучија како најуспешно да ги користат алатките (Canva, Genially, Edpuzzle, Mentimeter, Kahoot, Padlet, Quizizz, Chat GPT) за вештачка интелигенција како дел од современата и напредна настава. Со овие напредни знаења наставата ќе добие еден поинаков современ пристап.Гордо и сигурно чекориме во чекор со современоста, секогаш посветени на нашите ученици;
- Учество на Меѓународната Олимпијада по хемија што во јули во Дубаи. Марио Ванчовски, освои бронзен медал;
- На 17 август наставниот кадар учествуваше на одбележување на денот на погубијата на херојот Славчо Стојменски, патрон на нашето училиште. одбележувањето беше во организација на  Здружението на борците од НОБ. Со пригоден рецитал учествуваа и наши ученици.

## *9. Реализирани активности од Програмата за еднакви можности во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ Штип*

За подигање на свесноста кај младите за еднаквите можности кои ги имаат, без предрасуди, почитување на различноста и рамноправноста се спроведуваа различни активности. За време на класните часови се обработуваа теми од програмата за Животни вештини од делот на „Односи со другите“. Се спроведуваа активности со цел учениците да развијат, вештини и ставови за успешно справување со ризиците во интерперсоналните односи, родовата сензитивност, групно насилство, градење позитивен однос кон лица со попреченост, социјална инклузивност.

Во соработка со други институции беа реализирани и други активности:

- На 06 декември, дел од нашите ученици учествуваа на Маршот за одбележување на „16 дена борба против семејното насилство", кој веќе повеќе години традиционално се организира од страна на Општина Штип, Ехо, Гласен текстилец и членовите на мултисекторскиот тим. Насилството нема оправдување! Да се обединиме и да го кренеме гласот против семејното насилство!
- Учество на презентација на 13 март 2025 година, Говорот на омраза, врсничкото насилство и „сајбер” омразата не се тема за која треба да се молчи. Со цел спознавање, пријавување, решавање и едукација на оваа тематика, во нашето училиште се одржа презентација со работилница за врсничкото насилство. Презентацијата ја спроведе проф. м-р Деспина Ристова Делипетрева, заедно со Биљана Лазарова, претставник од Општина Штип, а во организација на Младински Борд - Штип. Презентацијата заедно со афирмација на платформата за пријавување на врсничко и онлајн насилство се дел од проектот „Пријави говор на омраза” (Report Hate), застапувани од програмата Еразмус+, а има за цел спречување и пријавување на говорот на омраза меѓу младите. Ваквите презентации им овозможуваат на нашите ученици повеќе да се едуцираат за круцијални теми од нивното секојдневие и соодветно да реагираат во случај на нивна појава.

*Доколку сте жртва или сведок на врсничко насилство или одреден вид на говор на омраза, пополнете ја пријавата од линкот: **dev.report-hate.org/mk/** (со избор на држава: С. Македонија);

- На 12 мај учество на финална работилница. Нашето училиште го заокружи следот на работилници од проектот „Еднакви можности за девојчиња и млади жени во РСМакедонија", Менторство и Кариерно советување во средни училишта. Целта е да ги поддржи девојките, младите жени и младите воопшто во нашата држава, да станат проактивни во општеството, да креираат поинаков пристап до можностите во јавниот живот, а со тоа и процесот на донесување на одлуки на локално и национално ниво.
- Учество на настан во рамките на караванот „Патот до еднаквост: Филмски караван за менструална сиромаштија“, одржан на 13 мај. Програмата вклучува проекција на оскаровскиот документарец „Менструација. Крај на реченицата“, пошто следеше интерактивна дискусија со младите и забавен квиз со награди. Особено важно е да се нагласи дека според истражувањето за менструална правда спроведено во Северна Македонија, поради менструација, средношколките губат дури 36 училишни денови во текот на четиригодишното образование. Оваа загрижувачка бројка укажува на потребата од подигнување на свеста и креирање на поддржувачка околина за младите што менструираат. На овој настан имаше можност за отворен разговор за менструалната (не)правда и сиромаштја и за тоа како овие прашања влијаат врз секојдневниот, образовните шанси и достоинството на младите девојчиња и жени во нашата заедница.
- На 21 мај во рамки на проектните активности во чест 24 Мај - Ден на словенската писменост, се одржа инклузивна работилница на која учествуваа ученици од СОУ " Славчо Стојменски" под менторство на проф. Сара Петров, ДСУ "Искра" и членови на ЦПЛИП "Порака". Сите заедно ги изработија буквите К за Кирил и М за Методиј, со мозаик техника, учителите кои ја дадоа светлината во очите на целиот словенски народ. Се украсуваа и боеа букви, со кои го разубавија библиотечниот простор во училиштето.

## *10. Прилози*

### *10.1 Статистички податоци за учениците во учебната 2023/2024 година по години*

| клас | Број на ученици | | | Општина | | | Национална припадност | | | | | | Странски јазик | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | машки | женски | вкупно | Штип | Др. општ. | Вкупно | Макед. | Власи | Турци | Роми | Срби | вкупно | Англ. | друго | Герм. | друго |
| **I¹** | 5 | 9 | 14 | 14 | | 14 | 11 | 1 | 2 | | | 14 | 14 | - | 14 | - |
| | | | | 9 | | 9 | 6 | 1 | 2 | | | 9 | | | | |
| **I²** | 5 | 11 | 16 | 15 | 1 | 16 | 13 | 1 | | 2 | | 16 | 16 | - | 16 | - |
| | | | | 11 | / | 11 | 8 | 1 | | 2 | | 11 | | | | |
| **I³** | / | 14 | 14 | 10 | 4 | 13 | 12 | | 2 | | | 13 | 14 | - | 14 | - |
| | | | | 10 | 4 | 13 | 12 | | 2 | | | 13 | | | | |
| **I⁴** | 9 | 6 | 15 | 15 | | 15 | 14 | | 1 | | | 15 | 15 | - | 15 | - |
| | | | | 6 | | 6 | 6 | | / | | | 6 | | | | |
| **I⁵** | 8 | 7 | 15 | 15 | | 15 | 15 | | | | | 15 | 15 | - | 15 | - |
| | | | | 7 | | 7 | 7 | | | | | 7 | | | | |
| **I⁶** | 8 | 8 | 16 | 16 | | 16 | 16 | | | | | 16 | 16 | - | 16 | - |
| | | | | 8 | | 8 | 8 | | | | | 8 | | | | |
| **I⁷** | 8 | 8 | 16 | 16 | | 16 | 15 | 1 | | | | 16 | 16 | - | 16 | - |
| | | | | 8 | | 8 | 7 | 1 | | | | 8 | | | | |
| **вкупно** | **43** | **63** | **106** | **101** | **5** | **106** | **96** | **3** | **5** | **2** | **0** | **106** | **106** | **-** | **106** | **-** |
| | | | | **59** | **4** | **63** | **54** | **3** | **4** | **2** | **0** | **63** | | | | |

| | **Број на ученици** | | | **Општина** | | | **Национална припадност** | | | | | | **Странски јазик** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **клас** | **машки** | **женски** | **вкупно** | **Штип** | **Др. општ.** | **Вкупно** | **Макед.** | **Власи** | **Турци** | **Роми** | **Други** | **вкупно** | **Англ.** | **друго** | **Герм.** | **друго** |
| **II$^1$** | 6 | 7 | 13 | 13 | | 13 | 12 | | | 1 | | 13 | 13 | - | 13 | - |
| | | | | 7 | | 7 | 6 | | | 1 | | 7 | | | | |
| **II$^2$** | 5 | 11 | 16 | 16 | | 16 | 13 | 3 | | | | 16 | 16 | - | 16 | - |
| | | | | 11 | | 11 | 9 | 2 | | | | 11 | | | | |
| **II$^3$** | 2 | 9 | 11 | 10 | 1 | 11 | 8 | | 3 | | | 11 | 11 | - | 11 | - |
| | | | | 8 | 1 | 9 | 6 | | 3 | | | 9 | | | | |
| **II$^4$** | 3 | 6 | 9 | 6 | 3 | 9 | 8 | | | 1 | | 9 | 9 | - | 9 | - |
| | | | | 4 | 2 | 6 | 5 | | | 1 | | 6 | | | | |
| **II$^5$** | 3 | 8 | 11 | 11 | | 11 | 11 | | | | | 11 | 11 | - | 11 | - |
| | | | | 8 | | 8 | 8 | | | | | 8 | | | | |
| **II$^6$** | 12 | 5 | 17 | 17 | | 17 | 16 | 1 | | | | 17 | 17 | - | 17 | - |
| | | | | 5 | | 5 | 5 | / | | | | 5 | | | | |
| **II$^7$** | 5 | 6 | 11 | 11 | | 11 | 11 | | | | | 11 | 11 | - | 11 | - |
| | | | | 6 | | 6 | 6 | | | | | 6 | | | | |
| **вкупно** | **36** | **52** | **88** | **84** | **4** | **88** | **79** | **4** | **3** | **2** | **0** | **88** | **88** | **-** | **88** | **-** |
| | | | | **50** | **3** | **53** | **45** | **2** | **3** | **2** | **0** | **52** | | | | |

| | | Број на ученици | | | | Општина | | | | Национална припадност | | | | | | | Странски јазик | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **клас** | | **машки** | **женски** | **вкупно** | | **Штип** | **Др. општ.** | **Вкупно** | | **Макед.** | **Власи** | **Турци** | **Роми** | **друго** | **вкупно** | | **Англ.** | **друго** | **Герм.** | **друго** |
| **III¹** | | 12 | 12 | 25 | | 24 | 1 | 25 | | 22 | 3 | | | | 25 | | 25 | - | 25 | - |
| | | | | | | 12 | 1 | 13 | | 12 | 1 | | | | 13 | | | | | |
| **III²** | | 7 | 13 | 20 | | 20 | | 20 | | 19 | 1 | | | | 20 | | 20 | - | 20 | - |
| | | | | | | 13 | | 13 | | 12 | 1 | | | | 13 | | | | | |
| **III³** | | 6 | 8 | 14 | | 12 | 2 | 14 | | 11 | 1 | 1 | 1 | | 14 | | 14 | - | 14 | - |
| | | | | | | 6 | 2 | 8 | | 6 | / | 1 | 1 | | 8 | | | | | |
| **III⁴** | | 4 | 15 | 19 | | 19 | | 19 | | 17 | 2 | | | | 19 | | 19 | - | 19 | - |
| | | | | | | 15 | | 15 | | 14 | 1 | | | | 15 | | | | | |
| **III⁵** | | 7 | 6 | 13 | | 13 | | 13 | | 13 | | | | | 13 | | 13 | - | 13 | - |
| | | | | | | 6 | | 6 | | 6 | | | | | 16 | | | | | |
| **III⁶** | | 3 | 10 | 13 | | 11 | 2 | 13 | | 11 | 1 | | 1 | | 13 | | 13 | - | 13 | - |
| | | | | | | 8 | 2 | 10 | | 9 | 1 | | / | | 10 | | | | | |
| **III⁷** | | 7 | 5 | 12 | | 11 | 1 | 13 | | 9 | 2 | | 1 | | 12 | | 12 | - | 12 | - |
| | | | | | | 4 | 1 | 5 | | 5 | / | | / | | 5 | | | | | |
| **вкупно** | | **46** | **70** | **116** | | **110** | **6** | **117** | | **102** | **10** | **1** | **3** | | **116** | | **116** | **-** | **116** | **-** |
| | | | | | | **64** | **6** | **70** | | **64** | **4** | **1** | **1** | | **70** | | | | | |

| | | Број на ученици | | | | Општина | | | | Национална припадност | | | | | | | Странски јазик | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **клас** | | **машки** | **женски** | **вкупно** | | **Штип** | **Др.** | **Вкупно** | | **Макед.** | **Власи** | **Турци** | **Роми** | **друго** | **вкупно** | | **Англ.** | **друго** | **Герм.** | **друго** |
| **IV[1]** | | 11 | 12 | 23 | | 22 | 1 | 23 | | 19 | 3 | | 1 | | 23 | | 23 | - | 23 | - |
| | | | | | | 11 | 1 | 12 | | 10 | 1 | | 1 | | 12 | | | | | |
| **IV[2]** | | 12 | 10 | 22 | | 22 | | 22 | | 22 | | | | | 22 | | 22 | - | 22 | - |
| | | | | | | 10 | | 10 | | 10 | | | | | 10 | | | | | |
| **IV[3]** | | 9 | 7 | 16 | | 16 | | 16 | | 15 | 1 | | | | 16 | | 16 | - | 16 | - |
| | | | | | | 10 | | 10 | | 7 | / | | | | 10 | | | | | |
| **IV[4]** | | 6 | 6 | 12 | | 12 | | 12 | | 8 | 4 | | | | 12 | | 12 | - | 12 | - |
| | | | | | | 6 | | 6 | | 4 | 2 | | | | 6 | | | | | |
| **IV[5]** | | 4 | 8 | 12 | | 12 | | 12 | | 10 | 1 | 1 | | | 12 | | 12 | - | 12 | - |
| | | | | | | 8 | | 8 | | 7 | / | 1 | | | 9 | | | | | |
| **IV[6]** | | 7 | 4 | 11 | | 6 | 5 | 11 | | 9 | | 2 | | | 11 | | 11 | - | 11 | - |
| | | | | | | 2 | 2 | 4 | | 3 | | 1 | | | 4 | | | | | |
| **IV[7]** | | 4 | 7 | 11 | | 11 | | 11 | | 9 | 2 | | | | 11 | | 11 | - | 11 | - |
| | | | | | | 7 | | 7 | | 6 | 1 | | | | 7 | | | | | |
| **вкупно** | | **53** | **54** | **107** | | **101** | **6** | **107** | | **92** | **11** | **3** | **1** | | **107** | | **107** | **-** | **107** | **-** |
| | | | | | | **51** | **3** | **54** | | **47** | **4** | **2** | **1** | | **54** | | | | | |

### *10.2 Успех на учениците*

***Општ успех на учениците по години за учебната 2024/2025 и претходните две учебни години***

| Учебна година | I | II | III | IV | Општ успех |
|---|---|---|---|---|---|
| 2024 / 2025 | 4.24 | 4.43 | 4.27 | 3.99 | 4.23 |
| 2023 / 2024 | 4.28 | 4.40 | 4.00 | 4.09 | 4.19 |
| 2022 / 2023 | 4.38 | 4.24 | 4.07 | 4.35 | 4.26 |

Анализата на податоците наведени во табелата во прикажаните три учебни години покажуваат дека учениците постигнуваат висок просек на општ успех, од Многу добар (4). Во континуитет ваков висок просек на општ успех во училиштето има и во предходните учебни години.

### *Успех на учениците на крајот на наставната година за 2024/2025 и претходните две учебни години*

Од наведените податоци во табелите можеме да заклучиме дека постигнатиот успех на учениците е на завидно ниво во сите наставни години. Во однос на учениците по пол и нивниот постигнат успех нема големи отстапувања.

| Учеб | | Уче. | Одл. | Мн.д | Доб | Дов | Вку | % | со 1 нед | со 2 нед | Пов | Нео | Вку | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | |
| 2024/2025 | I | 106 | 55 | 28 | 23 | 0 | 106 | 100% | / | / | / | / | / | 0% |
| | II | 88 | 54 | 26 | 8 | 0 | 88 | 100% | / | / | / | / | / | 0% |
| | III | 116 | 77 | 17 | 19 | 3 | 116 | 100% | / | / | / | / | / | 0% |
| | IV | 107 | 54 | 28 | 22 | 3 | 107 | 100% | / | / | / | / | / | 0% |
| | CE | 417 | 240 | 99 | 72 | 6 | 417 | 100% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | % |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| 2023/2024 | I | 96 | 54 | 23 | 19 | / | 96 | 100% | / | / | / | / | 0 | 0% |
| | II | 117 | 73 | 31 | 13 | / | 117 | 100% | / | / | / | / | 0 | 0 |
| | III | 107 | 55 | 27 | 23 | 2 | 107 | 100% | / | / | / | / | 0 | 0% |
| | IV | 139 | 81 | 22 | 22 | 13 | 138 | 99% | / | / | / | 1 | 1 | 1% |
| | CE | 459 | 263 | 103 | 77 | 15 | 458 | 99.8% | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0.02% |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| 2022/2023 | I | 123 | 73 | 32 | 17 | / | 122 | 99% | / | / | / | 1 | 1 | 1% |
| | II | 110 | 53 | 36 | 21 | / | 110 | 100% | / | / | / | / | 0 | 0% |
| | III | 143 | 71 | 30 | 25 | 10 | 136 | 95% | 3 | / | / | 4 | 7 | 5% |
| | IV | 143 | 87 | 25 | 24 | 8 | 144 | 100% | / | / | / | / | 0 | 0% |
| | CE | 520 | 284 | 123 | 87 | 18 | 512 | 98% | 3 | 0 | / | 5 | 8 | 2% |

***Успех на учениците на крајот на наставната година по подрачја и години за 2024/2025 и претходните две учебни години***

| Учебна | Подрачје | Машки | Женски | Вкупно | Одлични | Мн.Добри | Добри | Доволни | Вкупно | Со 1 нед. | Со 2 нед. | Неоцен. | Повтору. | Вкупно | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I ГОДИНА** | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2024/25 | НП | 43 | 63 | 106 | 55 | 28 | 23 | 0 | 96 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 4.24 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2023/24 | НП | 38 | 58 | 96 | 54 | 23 | 19 | 0 | 96 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 4.28 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2022/23 | НП | 48 | 75 | 123 | 73 | 32 | 17 | 0 | 122 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 4.38 |

* Нема подрачје

| Учебна | Подрачје | Машки | Женски | Вкупно | Одлични | Мн.Добри | Добри | Доволни | Вкупно | Со 1 нед. | Со 2 нед. | Неоцен. | Повтору. | Вкупно | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **II ГОДИНА** | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2024/25 | НП | 36 | 52 | 88 | 54 | 26 | 8 | 0 | 88 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.24 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2023/24 | НП | 46 | 71 | 107 | 73 | 31 | 13 | 0 | 117 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.40 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2022/23 | НП | 55 | 55 | 110 | 53 | 37 | 20 | 0 | 110 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.24 |

***      Нема подрачје**

| Учебна | Подрачје | Машки | Женски | Вкупно | Одлични | Мн.Добри | Добри | Доволни | Вкупно | Со 1 нед. | Со 2 нед. | Неоцен. | Повтору. | Вкупно | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **III ГОДИНА** | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2024/25 | ОХП-А | 27 | 35 | 62 | 28 | 14 | 18 | 2 | 62 | / | / | / | / | 0 | 4.01 |
| | ПМП-А | 19 | 26 | 45 | 40 | 3 | 1 | 1 | 45 | / | / | / | / | 0 | 4.76 |
| | ПМП-Б | / | 9 | 9 | 9 | / | / | / | 9 | / | / | / | / | 0 | 4.91 |
| | СЕ | 46 | 70 | 116 | 77 | 17 | 19 | 3 | 116 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.27 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2023/24 | ОХП | 30 | 32 | 62 | 17 | 22 | 21 | 2 | 62 | / | / | / | / | 0 | 3.72 |
| | ПМП | 23 | 22 | 45 | 38 | 5 | 2 | / | 45 | / | / | / | / | 0 | 4.69 |
| | СЕ | 53 | 54 | 107 | 55 | 27 | 23 | 2 | 107 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.00 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2022/23 | ОХП | 47 | 54 | 101 | 37 | 24 | 23 | 10 | 94 | 3 | 0 | 4 | / | 7 | 3.98 |
| | ПМП | 19 | 23 | 42 | 34 | 6 | 2 | 0 | 42 | / | / | / | / | 0 | 4.66 |
| | СЕ | 66 | 77 | 143 | 71 | 30 | 25 | 10 | 136 | 3 | 0 | 4 | 0 | 7 | 4.07 |

| Учебна | Подрачје | Машки | Женски | Вкупно | Одлични | Мн.Добри | Добри | Доволни | Вкупно | Со 1 нед. | Со 2 нед. | Неоцен. | Повтору. | Вкупно | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **IV ГОДИНА** | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2024/25 | ОХП | 30 | 32 | 62 | 19 | 21 | 19 | 3 | 62 | / | / | / | / | 0 | 3.73 |
| | ПМП | 23 | 22 | 45 | 35 | 7 | 3 | / | 45 | / | / | / | / | 0 | 4.66 |
| | СЕ | 53 | 54 | 107 | 54 | 28 | 22 | 3 | 107 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.99 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2023/24 | ОХП | 47 | 51 | 98 | 46 | 18 | 20 | 13 | 97 | / | / | 1 | / | 0 | 3.85 |
| | ПМП | 19 | 22 | 41 | 35 | 4 | 2 | / | 41 | / | / | / | / | 0 | 4.69 |
| | СЕ | 66 | 73 | 139 | 81 | 22 | 22 | 13 | 138 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 4.09 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2022/23 | ОХП | 44 | 73 | 117 | 60 | 25 | 24 | 8 | 117 | / | / | / | / | 0 | 4.10 |
| | ПМП | 11 | 16 | 27 | 27 | / | / | / | 27 | / | / | / | / | 0 | 4.96 |
| | СЕ | 55 | 89 | 144 | 87 | 25 | 24 | 8 | 144 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.35 |

***ОХП Општествено -хуманистичко подрачје**

***ПМП Природно-математичко подрачје**

Од наведените податоци во табелите можеме да заклучиме дека учениците постигнуваат висок успех  Многу добар (4). Учениците од прва година постигнуваат висок успех со просек на општ успех, од Многу добар (4). Просекот на општиот успех во последниите три учебни години се движи од Мн. добар 4.24 до Мн. добар 4.38. Учениците од втора година постигнуваат висок успех со просек на општ успех, од Многу добар (4). Просекот на општиот успех во последниите три учебни години се движи од Мн. добар 4.24 до Мн. добар 4.40. Учениците од трета година постигнуваат висок успех со просек на општ успех, од Многу добар (4). Просекот на општиот успех во последниите три учебни години се движи од Мн. добар 4.00 до Мн. добар 4.07. Учениците од трета година  од општествено–хуманистичкото подрачје А постигнле висок успех со просек на општ успех, од Многу добар (4). Просекот на општиот успех во последниите три учебни години се движи од Мн. добар 3.72 до Мн. добар 4.01. Учениците од трета година  од природно-математичкото подрачје А постигнале висок успех со просек на општ успех, од Одличен (5). Просекот на општиот успех во последниите три учебни години се движи од Одличен 4.66 до Одличен 4.76. Учениците од трета година  од природно-математичкото подрачје Б постигнале висок успех со просек на општ успех, од Одличен (5) односно 4..96 Учениците од природно-математичките подрачја  во континуитет постигнуваат подобри резултати. Учениците од четврта година постигнуваат висок успех со просек на општ успех, од Многу добар (4). Просекот на општиот успех во последниите три учебни години се движи од Мн. добар 3.99 до Мн. добар 4.35. Учениците од четврта година  од општествено–хуманистичкото подрачје А постигнле висок успех со просек на општ успех, од Многу добар (4). Просекот на општиот успех во последниите три учебни години се движи од Мн. добар 3.73 до Мн. добар 4.10. Учениците од четврта година  од природно-математичкото подрачје А постигнале висок успех со просек на општ успех, од Одличен (5). Просекот на општиот успех во последниите три учебни години се движи од Одличн 4.66 до Одличен 4.96. Учениците од природно-математичкото подрачје постигнуваат подобри резултати.

**Среден успех на учениците по години и паралелки за 2024/2025 година**

| клас година | среден успех |
|---|---|
| **I** | |
| I-1 | 4.20 |
| I-2 | 3.50 |
| I-3 | 3.81 |
| I-4 | 4.36 |
| I-5 | 4.65 |
| I-6 | 4.42 |
| I-7 | 4.77 |
| вкупно | **4.24** |
| **II** | |
| II-1 | 4.18 |
| II-2 | 4.52 |
| II-3 | 3.88 |
| II-4 | 4.13 |
| II-5 | 4.70 |
| II-5 | 4.72 |
| II-7 | 4.89 |
| вкупно | **4.43** |
| **III** | |
| III-1 | 4.80 |
| III-2 | 4.72 |
| III-3 | 3.86 |
| III-4 | 4.58 |
| III-5 | 4.31 |
| III-6 | 3.76 |
| III-7 | 3.46 |
| вкупно | **4.07** |
| **IV** | |
| IV-1 | **4.52** |
| IV-2 | **4.8** |
| IV-3 | **4.2** |
| IV-4 | **3.83** |
| IV-5 | **3.41** |
| IV-6 | **3.69** |
| IV-7 | **3.51** |

| ред. број | клас година | среден успех |
|---|---|---|
| | **I** | |
| 1 | I-7 | 4.77 |
| 2 | I-5 | 4.65 |
| 3 | I-6 | 4.42 |
| 4 | I-4 | 4.36 |
| 5 | I-1 | 4.20 |
| 6 | I-3 | 3.81 |
| 7 | I-2 | 3.50 |
| | | |
| | **II** | |
| 1 | II-6 | 4.89 |
| 2 | II-5 | 4.72 |
| 3 | II-7 | 4.70 |
| 4 | II-2 | 4.52 |
| 5 | II-1 | 4.18 |
| 6 | II-4 | 4.13 |
| 7 | II-3 | 3.88 |
| | | |
| | **III** | |
| 1 | III-1 | 4.80 |
| 2 | III-2 | 4.72 |
| 3 | III-4 | 4.58 |
| 4 | III-5 | 4.31 |
| 5 | III-3 | 3.86 |
| 6 | III-6 | 3.76 |
| 7 | III-7 | 3.46 |
| | | |
| | **IV** | |
| 1 | IV-1 | 4.80 |
| 2 | IV-7 | 4.52 |
| 3 | IV-2 | 4.20 |
| 4 | IV-4 | 3.83 |
| 5 | IV-6 | 3.69 |
| 6 | IV-3 | 3.51 |
| 7 | IV-5 | 3.41 |

| ред. број | клас | успех |
|---|---|---|
| | | |
| 1 | II-6 | 4.89 |
| 2-3 | III-1 | 4.80 |
| 2-3 | IV-1 | 4.80 |
| 4 | I-7 | 4.77 |
| 5-6 | II-5 | 4.72 |
| 5-6 | III-2 | 4.72 |
| 7 | II-7 | 4.70 |
| 8 | III-4 | 4.58 |
| 9 | II-2 | 4.52 |
| 10 | IV-7 | 4.52 |
| 11 | I-6 | 4.42 |
| 12 | I-4 | 4.36 |
| 13 | III-5 | 4.31 |
| 14-15 | I-1 | 4.20 |
| 14-15 | IV-2 | 4.20 |
| 16 | II-1 | 4.18 |
| 17 | II-4 | 4.13 |
| 18 | II-3 | 3.88 |
| 19 | III-3 | 3.86 |
| 20 | IV-4 | 3.83 |
| 21 | I-3 | 3.81 |
| 22 | III-6 | 3.76 |
| 23 | I-4 | 3.70 |
| 24 | IV-6 | 3.69 |
| 25 | IV-3 | 3.51 |
| 26 | I-2 | 3.50 |
| 27 | III-7 | 3.46 |
| 28 | IV-5 | 3.41 |
| | | |
| вкупно | | **4.23** |

| | |
|---|---|
| вкупно | **3.99** |

| | |
|---|---|
| | |

***Среден успех по години и паралелки за 2024/2025 и претходните две години***

| 2024/2025 | | | | | 2023/2024 | | | | | 2022/2023 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| клас год. | сре. усп. | р. бр. | клас год. | сре. усп. | клас год. | сре. усп. | р. бр. | клас год. | усп. | клас год. | сре. усп. | р. бр. | клас год. | сре. усп. |
| **I** | | | **I** | | **I** | | | **I** | | **I** | | | **I** | |
| I-1 | 4.20 | 1 | I-7 | 4.77 | I-1 | 4.09 | 1 | I-6 | 4.90 | I-1 | 4.28 | 1 | I-5 | 4.90 |
| I-2 | 3.50 | 2 | I-5 | 4.65 | I-2 | 4.38 | 2 | I-5 | 4.72 | I-2 | 4.06 | 2 | I-4 | 4.77 |
| I-3 | 3.81 | 3 | I-6 | 4.42 | I-3 | 3.74 | 3 | I-7 | 4.40 | I-3 | 4.51 | 3 | I-3 | 4.51 |
| I-4 | 4.36 | 4 | I-4 | 4.36 | I-4 | 3.70 | 4 | I-2 | 4.38 | I-4 | 4.77 | 4 | I-7 | 4.29 |
| I-5 | 4.65 | 5 | I-1 | 4.20 | I-5 | 4.72 | 5 | I-1 | 4.09 | I-5 | 4.90 | 5 | I-1 | 4.28 |
| I-6 | 4.42 | 6 | I-3 | 3.81 | I-6 | 4.90 | 6 | I-3 | 3.74 | I-6 | 3.75 | 6 | I-2 | 4.06 |
| I-7 | 4.77 | 7 | I-2 | 3.50 | I-7 | 4.40 | 7 | I-4 | 3.70 | I-7 | 4.39 | 7 | I-6 | 3.75 |
| Вкупно | | **I** | **4.24** | | вкупно | | **I** | **4.28** | | вкупно | | **I** | **4.38** | |
| **II** | | | **II** | | **II** | | | **II** | | **II** | | | **II** | |
| II-1 | 4.18 | 1 | II-6 | 4.89 | II-1 | 4.31 | 1 | II-4 | 4.84 | II-1 | 4.55 | 1 | II-2 | 4.63 |
| II-2 | 4.52 | 2 | II-5 | 4.72 | II-2 | 4.09 | 2 | II-5 | 4.80 | II-2 | 4.63 | 2 | II-1 | 4.55 |
| II-3 | 3.88 | 3 | II-7 | 4.70 | II-3 | 4.58 | 3 | II-3 | 4.58 | II-3 | 4.36 | 3 | II-3 | 4.36 |
| II-4 | 4.13 | 4 | II-2 | 4.52 | II-4 | 4.84 | 4 | II-1 | 4.31 | II-4 | 4.28 | 4 | II-4 | 4.28 |
| II-5 | 4.70 | 5 | II-1 | 4.18 | II-5 | 4.80 | 5 | II-7 | 4.29 | II-5 | 3.82 | 5-6 | II-6 | 4.02 |
| II-6 | 4.72 | 6 | II-4 | 4.13 | II-6 | 3.87 | 6 | II-2 | 4.09 | II-6 | 4.02 | 5-6 | II-7 | 4.02 |
| II-7 | 4.89 | 7 | II-3 | 3.88 | II-7 | 4.29 | 7 | II-6 | 3.87 | II-7 | 4.02 | 7 | II-5 | 3.82 |
| Вкупно | | **II** | **4.43** | | вкупно | | **II** | **4.40** | | вкупно | | **II** | **4.24** | |
| **III** | | | **III** | | **III** | | | **III** | | **III** | | | **III** | |
| III-1 | 4.80 | 1 | III-1 | 4.80 | III-1 | 4.60 | 1 | III-2 | 4.78 | III-1 | 4.97 | 1 | III-1 | 4.97 |
| III-2 | 4.72 | 2 | III-2 | 4.72 | III-2 | 4.78 | 2 | III-1 | 4.60 | III-2 | 4.35 | 2 | III-7 | 4.66 |
| III-3 | 3.86 | 3 | III-4 | 4.58 | III-3 | 4.01 | 3 | III-3 | 4.01 | III-3 | 3.22 | 3 | III-2 | 4.35 |
| III-4 | 4.58 | 4 | III-5 | 4.31 | III-4 | 3.99 | 4 | III-4 | 3.99 | III-4 | 3.43 | 4 | III-5 | 4.00 |
| III-5 | 4.31 | 5 | III-3 | 3.86 | III-5 | 3.55 | 5 | III-6 | 3.58 | III-5 | 4.00 | 5 | III-6 | 3.88 |
| III-6 | 3.76 | 6 | III-6 | 3.76 | III-6 | 3.58 | 6 | III-5 | 3.55 | III-6 | 3.88 | 6 | III-4 | 3.43 |
| III-7 | 3.46 | 7 | III-7 | 3.46 | III-7 | 3.46 | 7 | III-7 | 3.46 | III-7 | 4.66 | 7 | III-3 | 3.22 |
| Вкупно | | **III** | **4.07** | | вкупно | | **III** | **4.00** | | вкупно | | **III** | **4.07** | |
| **IV** | | | **IV** | | **IV** | | | **IV** | | **IV** | | | **IV** | |
| IV-1 | **4.52** | 1 | IV-1 | 4.80 | IV-1 | 5.00 | 1 | IV-1 | 5.00 | IV-1 | 4.97 | 1 | IV-1 | 4.97 |
| IV-2 | **4.8** | 2 | IV-7 | 4.52 | IV-2 | 4.38 | 2 | IV-7 | 4.77 | IV-2 | 4.95 | 2 | IV-2 | 4.95 |
| IV-3 | **4.2** | 3 | IV-2 | 4.20 | IV-3 | 3.48 | 3 | IV-2 | 4.38 | IV-3 | 4.10 | 3 | IV-5 | 4.76 |
| IV-4 | **3.83** | 4 | IV-4 | 3.83 | IV-4 | 3.98 | 4 | IV-4 | 3.98 | IV-4 | 4.24 | 4 | IV-4 | 4.24 |
| IV-5 | **3.41** | 5 | IV-6 | 3.69 | IV-5 | 3.05 | 5 | IV-6 | 3.95 | IV-5 | 4.76 | 5 | IV-3 | 4.10 |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IV-6 | **3.69** | 6 | IV-3 | 3.51 | IV-6 | 3.95 | 6 | IV-3 | 3.48 | IV-6 | 4.00 | 6 | IV-6 | 4.00 |
| IV-7 | **3.51** | 7 | IV-5 | 3.41 | IV-7 | 4.77 | 7 | IV-5 | 3.05 | IV-7 | 3.41 | 7 | IV-7 | 3.41 |
| Вкупно | | **IV** | **3.99** | | вкупно | | **IV** | **4.09** | | вкупно | | **IV** | **4.35** | |
| Вкупно | | | **4.23** | | вкупно | | | **4.19** | | вкупно | | | **4.26** | |

***Ранг листа на паралелките по постигнат општ успех за 2024/2025 и претходните две учебни години***

| 2024-2025 | | | 2023-2024 | | | 2022-2023 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| реден број | клас | среден успех | реден број | клас | среден успех | реден број | клас | среден успех |
| | | | | | | | | |
